ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2024 ГОДИНА НА АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

01 2025 02 03

Скопје, јуни 2026 година

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Агенција за вработување на Република Северна Македонија за 2024 година.

Со извршената ревизија за 2024 година изразивме мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и неповолно мислење за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставените политики.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на АВРСМ за 2023 година. Изразено е неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Со ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките, дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2023 година презентирано како прилог број 1 кон овој Извештај, при што утврдивме дека од дадените препораки: три препораки не се спроведени, три се делумно спроведени, и две препораки се во тек.

Со извршената ревизија за 2024 година ги утврдивме следниве состојби:

- слабости во врска со воспоставената материјална евиденција на залихите и во начинот на извршениот попис на истите;
- не се довршени постапките за утврдување на правниот статус на три од објектите кои се користат од страна на АВРСМ иако во континуитет се прават напори за регулирање на нивниот статус, како резултат на што не е извршено запишување на правото на сопственост во јавните книги, а поради застареност на објектите се појавуваат и безбедносни проблеми во објектот во Скопје;
- документацијата кај дел од досиејата за исплата на паричен надоместок и материјално обезбедување и реализација на активните мерки за вработување кои беа опфатени со ревизијата не е во целост комплетирана;
- методологијата за начинот на рангирање кај дел од програмите за активни мерки за вработување не е соодветна во случај на поголем број пријавени апликанти, односно нововоспоставената методологија за распоредување на неискористените средства не го надминала проблемот со фаворизирање на поедини градови и региони;
- кај активните мерки утврдени се незадоволителни резултати кај мерката за обуки за ИТ вештини за која се трошат значителни средства;
- констатирани се неусогласености и слабости во примената на Законот за практикантство и Оперативниот план вклучувајќи несоодветна староснa граница, недоволни теренски контроли, непотполна документација, исплати кои не соодветствуваат со законските лимити и нерамномерна регионална распределба на средствата;
- утврдени слабости во врска со исплатата на расходи за адвокатски услуги и
- кај дел од спроведените постапки за јавни набавки утврдивме состојби кои не

се во согласност со законската регулатива.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност ги истакнуваме состојбата поврзана со:

- непостапувањето по законска обврска од Буџетот да се уплатуваат парични средства на сметката на Посебен фонд, по основ на уплатен ДДВ и царини од страна на заштитните друштва со што АВРСМ во целост не ги обезбедува финансиските средства кои законски им следуваат за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица иако и покрај ова Агенцијата не се соочува со недостаток на средства за оваа намена и
- судските постапки во кои Фондот е тужена страна односно тужител што може да има финансиски импликации во иднина.

Во делот на Останати прашања истакнуваме прашања поврзани со недоречености во делот на правната рамка која обезбедува услови за остварување на правата од паричен надоместок кои придонесуваат за невоедначена примена во пракса, остварување на правото за лицата вработени на определено и неопределено време, начинот на пресметка на висината при работа со неполно работно време и на условите за престанок на правото на паричниот надоместок.

Од страна на одговорното лица на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за периодот предмет на ревизија доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани при што најголем дел од забелешките не се прифатени поради не доставени дополнителни докази кои би ја оспориле утврдената состојба, а дадените образложенија ревизијата ги имаше во предвид. Две забелешки преставуваат известувања за преземање активности за надминување на утврдените состојби.

СОДРЖИНА


| | Опис | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | 1 |
| 2. | Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. | Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. | Основ за мислење со резерва за финансиските извештаи | 2 |
| 3.2. | Основ за неповолно мислење за усогласеност со закони и прописи | 4 |
| 4. | Нагласување на прашања за неизвесност | 18 |
| 5. | Останати прашања | 20 |
| 6. | Законска основа за ревизијата и временски период | 22 |
| 7. | Опфат и ограничувања | 22 |
| 8. | Одговорност за финансиски извештаи | 22 |
| 9. | Одговорност на ревизорите | 23 |
| 10. | Недостатоци на внатрешна контрола | 24 |
| 11. | Одговор на ревидираниот субјект | 25 |

Финансиски извештаи за 2024 година

| | |
|---|---|
| Биланс на приходи и расходи | 26 |
| Биланс на состојба | 27 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 28 |

Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи

| | |
|---|---|
| Вовед | 29 |
| Сметководствени политики | 32 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 34 |

Прилог 1 - Известување за извршена проверка на презимените мерки од страна на субјектот за ревизијата на финансиски извештаи за 2023 година

Прилог 2 – Забелешки од одговорното лице

Прилог 3 – Одговор на забелешките на овластениот државен ревизор

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| АВРСМ | Агенција за вработување на Република Северна Македонија |
| АМ | Активни мерки за вработување |
| ЕО | Економски оператор |
| Влада | Влада на Република Северна Македонија |
| ДЗР | Државен завод за ревизија |
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| ДО | Договорен орган |
| ЗЈН | Закон за јавни набавки |
| ЗЈВФК | Закон за јавна внатрешна финансиска контрола |
| ЗВОСН | Закон за вработувањето и осигурување во случај на невработеност. |
| ЈН | Јавна набавка |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| МО | Материјално обезбедување |
| ОП | Оперативниот план |
| ОУ | Оперативни упатства |
| ПДД | Персонален данок на доход |
| ПН | Паричен надоместок |
| ТД | Тендерска документација |
| УО | Управен одбор |
| УЈП | Управа за јавни приходи |
| ЦВ | Центар за вработување (подружница на АВРСМ) |
| ЦС | Централна служба на АВРСМ |

Број:22-656/8
Дата: 22.06.2026

## 1. Вовед

Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија е јавна институција која дава поддршка и помош и обезбедува услуги за учесниците на пазарот на трудот, согласно одредбите од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност[1] и одредбите од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување[2].

АВРСМ својата работа ја заснова врз повеќе законски и подзаконски акти, стратегии, акциски планови и програми од областа на пазарот на труд. Основна цел на овие активности е АВРСМ да функционира како берза на трудот и да биде клучниот медијатор за поврзување на понудата и побарувачката на работната сила, а со тоа да придонесе за унапредувањето на функционирањето на пазарот на трудот во земјата.

Во рамките на остварување на дејноста, Агенцијата е надлежна за редовна исплата на правата по основ на невработеност – паричен надоместок, придонес за пензиско осигурување за невработени лица, здравствено осигурување за примателите на паричен надоместок и материјално обезбедување. Исто така, во надлежност на АВРСМ е спроведувањето на активните политики и мерки за вработување.

Средствата собрани од задолжително социјално осигурување, од уплата на придонесот од плата  за осигурување во случај на невработеност се приход на АВРСМ.

Организациона поставеност на Агенцијата, во согласност со Правилникот за организација и работа е воспоставена преку единствена стручна служба – Централна служба и 30 подрачни единици - центри за вработување, во чии рамки се формирани сектори и одделенија.

[1] „Службен весник на Република Македонија" број 37/97... 113/18 и Службен весник на Република Северна Македонија" број 124/19 ... 274/2022, 132/25 и 269/25
[2] „Службен весник на Република Македонија" број 37/97...113/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 124/19, ... 274/2022, 3/25 и 267/2025

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- финансиските извештаи од страна 26 до 28 на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за 2024 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Промени на извори на капиталните средства, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи и
- усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за 2024 година со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.1. финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија на ден 31 декември 2024 година како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, за 2024 година, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI стандардите, се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

### 3.1. Основ за мислење со резерва за финансиските извештаи

3.1.1. Во сметководствената евиденција евидентирани се градежните објекти во кои АВРСМ ја извршува својата дејност со сегашна вредност од 265.982 илјади денари. Со извршениот увид во деловните книги и документацијата која се однесува на истите утврдивме дека за три објекти во Велес, Берово и дел од објектот во Скопје во кој е сместена ЦС на АВРСМ во вкупна вредност од 54.316 илјади денари, сѐ уште не е обезбеден веродостоен документ за потврдување на сопственоста, односно имотен лист со утврдено право на сопственост на градежните објекти. Напоменуваме дека постапката за утврдување на правниот статус согласно Законот за постапување со

бесправно изградени објекти, односно легализација на овие објекти е отпочната и од страна на АВРСМ и повеќепати до Министерството за транспорт се доставени барања и ургенции за решавање на правниот статус на објектите.

Наведеното не е во согласност со одредбите од член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници со кој е уредено внесувањето на податоците во деловните книги да се заснова врз веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи, што има влијание врз реалноста и објективноста на искажаните податоци за материјалните средства-градежни објекти и изворите на капитални средства во финансискиот извештај Биланс на состојба на ден 31 декември.
Утврдените состојби се истакнати и во точка 3.1.3 од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор[3] за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година и 3.1.2 од Конечниот извештај за извршена ревизија за 2023 година и по истите активностите за надминување на утврдените состојби се во тек. Истакнуваме дека со оглед на неможноста на АВРСМ да обезбеди имотен лист за овие објекти остануваат во застој и напорите за реконструкција на истите при што постојат ризици во врска со безбедноста на овие објекти во кои дел од вработените во АВРСМ ја обавуваат својата дејност.

Препорака
Одговорните лица за раководење и управување во соработка со Владата да ги продолжат и интензивираат активностите со цел довршување на постапките за утврдување на правниот статус на објектите кои се користат, како и запишување на правото на сопственост во јавните книги на Катастарот на недвижности, а по реализацијата на овие активности да се започне со реализација на планираните реконструкции на објектите.

3.1.2. Од страна на директорот на АВРСМ во декември 2023 година со одлука за вршење на годишен попис на средствата, обврските и побарувањата со состојба на ден 31.12.2024 година формирани се Централна пописна комисија и комисии за попис во поединечни ЦВ. По завршување на пописот во Централната служба и ЦВ, издаден е Извештај за извршен годишен попис за 2024 година, кој е усвоен од страна на УО. Со увид во пописниот материјал и извештајот од извршениот попис утврдивме дека кај пописот на залихите на материјали кои во деловните книги се проценети во износ од 3.334 илјади денари, пописните комисии во поединечните извештаи го имаат наведено износот без да обезбедат прегледи/спецификација по артикли со вредност за секој поединечен артикл. Оваа состојба не е во согласност со член 29 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници согласно кој се врши усогласување на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба утврдена со пописот. Исто така утврдивме дека материјалната евиденција на залихите на материјали не содржи информација за вредноста на дел од материјалите односно содржи податок само за количината на материјали кои се наоѓаат на залиха, а кај поединни ЦВ при издавањето на стоката не се врши намалување на износот на требуваните артикли. Наведеното не е констатирано од страна на пописната комисија која ги има потврдено состојбите кои

[3] Број 22-354/13 од 22.04.2024 година

се искажани во финансиската евиденција. Оваа состојба упатува дека пописот е формално извршен поради што не е извршено целосно усогласување на сметководствена со фактичката состојба на залихите, што не е во согласност со член 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има влијание на реалното и објективното искажување на податоците во финансискиот извештај - Биланс на состојба на ден 31 декември.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за спроведување на целосен попис на средствата на начин предвиден со законската и подзаконската регулатива.

### 3.2. Основ за неповолно мислење за усогласеност со закони и прописи

### Паричен надоместок

3.2.1. Правата од осигурување во случај на невработеност се остваруваат преку АВРСМ, односно во соодветниот центар за вработување каде што лицето е евидентирано како невработено лице. Постапката и условите за остварување на правата од осигурување во случај на невработеност се уредени со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност. Со законите за материјално обезбедување на невработените лица се уредуваат условите за стекнување и начинот на користење на право на материјално обезбедување во вид на паричен надоместок на невработените лица на кои им престанал работниот однос по основ на стечај, ликвидација или технолошки вишок во рамките на утврден законски период, поради приватизација на претпријатијата со доминантна сопственост на државата. По овие основи во 2024 година исплатени се средства во вкупен износ од 1.326.958 илјади денари од кои за паричен надоместок 876.960 илјади денари и за материјално обезбедување 449.998 илјади денари односно истите се поголеми за 21.239 илјади денари во однос на 2023 година кога по истиот основ исплатени се средства во износ од 1.305.719 илјади денари. Исплатените средства во 2024 година претставуваат 40,6% од вкупните расходи на АВРСМ за 2024 година и бележат благо намалување во однос на 2023 година кога овој процент изнесувал 43,7%.

Графикон број 1 – Исплатени средства за паричен надоместок и материјално обезбедување на невработени лица во периодот од 2019 до 2024 година

во 000 денари




Зголемувањето на исплатата на средства на име паричен надоместок во 2024 година во однос на 2023 година е за 27,13% односно за 187.148 илјади денари кое се должи на зголемениот број на издадени решенија за престанок на работниот однос по основ на стечај на една голема компанија на подрачјето на ЦВ Кавадарци и зголемен број на издадени решенија (1.169) по основ на престанок на работниот однос.

Поради големото учество на паричните надоместоци по основ на невработеност во вкупните расходи во АВРСМ ревизијата изврши проверка на законитоста на функционирањето на постапката за остварување на право на паричен надоместок на избран примерок на предмети за 2024 година во делот на обезбедување на комплетност на документацијата кај ЦВ, при што ги утврдивме следните состојби:

- кај дел од предметите за исплатените ПН и МО утврдивме отсуство на поткрепувачка документација предвидена во член 77 од ЗВОСН[4]. Причина за оваа состојба е неажурност кај дел од ЦВ во комплетирање на досиејата што е утврдено и во спроведените ревизии од минати години. АВРСМ има обврска наведената документација да ја прибави по службена должност или истата да биде доставена од барателот;
- за докажување на исполнетоста на условите за остварување на право од ПН по поднесено барање, службеното лице од ЦВ треба да прибави регистрирани податоци во матична евиденција од Фондот за ПИО, а размената на податоците се спроведува во хартиена форма, поради не воспоставена електронска размена на податоци и поврзаност на евиденциите помеѓу АВРСМ и Фондот за ПИО, можност која е предвидена во членот 61-б од

[4] Одлука или Решение за откажување на договорот за вработување од деловни причини, престанување на вработување на определено време (сезонски работи), односно поради отворање на стечајна постапка, или судско решение за отворање на стечајна постапка/ликвидација, како и отсуство на одлука или решение во кое се констатира за престанок на правото на паричен надоместок при настанување на некој од основите предвидени со законот.

ЗВОСН. Утврдивме дека податоците (преглед/листинг) од страна на Фондот за ПИО во одредени случаи се обезбедуваат со задоцнување во однос на законски предвидениот рок од 3 дена од денот на приемот на барањето во кој АВРСМ треба да ги обезбеди податоците утврдени во член 74 став 4, што доведува до ненавремено изготвување на решенијата за остварување на право на ПН;

- во еден ЦВ напуштена е воспоставената пракса, при утврдување на висината на ПН согласно член 68 од ЗВОСН, да се приложи и пресметка за висината на ПН со изработен преглед со утврдена просечната исплатена нето плата врз основа на доказ/потврда доставена од надлежна институција УЈП. Со извршениот увид во избраниот примерок во неколку случаи ревизијата констатира и мали отстапувања во висината на утврдениот паричен надоместок;
- во досиејата отсуствуваат решенија за престанок на работниот однос склучен на определено време кој претставува најзастапен основ за остварување на правото на паричен надоместок во случај на невработеност. Со извршениот увид во дел од предметите и приложените М1/М2 обрасци, како основ за остварување на правото на паричен надоместок бил користен престанок на работен однос склучен на определено време и во следните случаи:
    - работниот однос на определено време е прекинат пред истек на времето за кој е склучен;
    - работен однос на определено време кој е продолжуван на подолг период од законски предвидениот максимум од 5 години;
    - работен основ на определено време склучен во времетраење од 3 дена;
    - по исплатата на ПН лицето кое било вработено на определено време продолжува да работи во истиот правен субјект повторно на определено време.

  Во поголемиот број случаи склучување на договори за вработување на определено време следуваат по престанок на работен однос на неопределено. Имајќи во предвид дека работниот однос на определено време може да трае и само неколку дена, ревизијата е на мислење дека вработувањето на определено време се користи за да се исполнат критериумите за остварување на правото на паричен надоместок, со оглед на тоа што остварувањето на ова право е многу потешко остварливо за вработени лица на неопределено време. Во оваа насока дополнително утврдивме и дека најголемиот дел, односно 67,91% од исплатениот износ за паричен надоместок во случај на невработеност во текот на 2024 година е по основ на престанок на работниот однос склучен на определено време, што е зголемување за 27,13% во однос на претходната 2023 година.

Горенаведените состојби влијаат на законитоста, ажурноста во комплетирањето на предметите на начинот на постапување од страна на ЦВ кои се однесуваат на остварување на правата од ПН и МО во вид на паричен надоместок.
Дел од овие утврдени состојби се истакнати и во точка 3.2.1 од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- исплатата на средствата за остварување на правата за паричен надоместок и материјално обезбедување да се врши врз основа на комплетна документација согласно пропишаната наведена во образецот на барање за остварување на правото како и во законската регулатива и
- да се преиспита можноста на воспоставување на електронска размена на податоците со Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, за стажот на барателите на паричен надоместок и материјално обезбедување за регистрираните податоци во матична евиденција.

## Активни програми и мерки за вработување

3.2.2. Програмите, мерките и услугите за вработување кои ќе обезбедат создавање на нови работни места, поддршка за креирање на нови работни места и зголемување на вработување на невработените лица се утврдуваат со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, а неговата имплементација е во надлежност на АВРСМ и ЦВ.

За реализација на вкупно 14 програми и мерки за вработување предвидени со ОП во 2024 година исплатени се вкупно 1.442.207 илјади денари односно зголемување за 16,34% во однос на 2023 кога се исплатени 1.239.596 илјади денари. Распределбата на расходите по програми и мерки за 2024 во споредба со 2023 година е прикажана со следниот графикон:

**Графикон број 2 - Распределбата на расходите по програми и мерки за 2024 и 2023 година**

во 000 денари



Постапките за имплементација на ОП се опишани и регулирани во ОУ, како и во самите договори. Со ОУ е утврдена методологијата, критериумите и активностите кои треба да се спроведат за реализација на АМ, како и мониторингот по однос на теренски посети и контроли кои согласно ОП треба да се спроведат од страна на АВРСМ во соработка со надлежните институции вклучени во процесот по фази од самиот избор на учесници по мерка, до реализација на склучените договори и исплата по истите.

При извршениот увид во избраниот примерок на предмети за 2024 година од ЦВ за АМ во делот на извршениот избор на пријавени апликанти, обезбедување на комплетност на документацијата и извршување на мониторинг/теренски контроли за следење на реализацијата уредени со ОУ и склучените договори го утврдивме следното:

- како еден од критериумите за доделување на средства за АМ за вработување е рамномерниот регионален развој. Во оваа насока изборот на субјекти согласно ОУ се врши поединечно за секој од осумте плански региони во земјата со изработка на осум посебни ранг листи, при што се земаат предвид утврдените проценти за учество согласно на Одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2018 година до 2023 година[5]. Со извршена анализа на исплатите утврдивме непочитување на овој критериум кај сите АМ каде што истиот е предвидено да се применува. Вообичаено, понизок од утврдениот е износот кој е исплатен за планските региони од централниот и источниот дел на земјата, додека повисок од утврдениот е исплатениот износ кај скопскиот плански регион и планските региони во западниот дел од земјата, при што во поединни случаи надминувањето е и четири пати поголемо од утврдената квота со одлуката. Дополнително на ова со извршените анализи утврдивме дека во врска со реализацијата на мерката **1 – Самовработување** , од вкупно исплатени 722.339 илјади денари, 62,05% се исплатени од ЦВ од 5 градови.
  Наведеното е прикажано на следниот графикон:

[5] Службен весник на Република Македонија, број 234 од 20.12.2018 година, оваа Одлука е со продолжена важност и за 2024 година, кога е донесена нова Одлука со важност од 2025 година.

Графикон број 3 Учество на поедини центри за вработување во Активната мерка - Самовработување

во 000 денари




Слична е состојбата и кај мерката **2.1 – Субвенционирање на плати** каде што кај 4 ЦВ (Скопје, Струга, Тетово и Куманово) отпаѓаат 327 одобрени апликации од вкупно 646, односно 50,6%, како и кај мерката **2.2 – Вработување и раст на правни субјекти** каде во 5 ЦВ (Тетово, Скопје, Струга, Куманово и Пробиштип) се одобрени 587 апликации од вкупно 917 или 64,1% додека на останатите 25 центри отпаѓа остатокот од 35,9%.

Согласно ОУ во случаи кога кај поедини плански региони нема доволно заинтересирани апликанти, АВРСМ има можност да изврши исплата на средствата во други плански региони каде што се јавуваат поголем број на заинтересирани апликанти. Во оваа насока во мај 2024 година УО на АВРСМ има усвоено Одлука[6] за начинот на примена на принципот за поттикнување на рамномерен регионален развој - распределба на квоти, број на корисници на активни програми и мерки за вработување по плански региони. Согласно оваа Одлука не е земен во предвид рамномерниот регионален развој и истиот во пресметката на квотите по плански региони учествува со само 15% додека бројот на невработени во планскиот регион учествува со 85% во пресметката на квотите по плански регион. Како резултат на ова не е постапено согласно на член 63 од Законот за рамномерен регионален развој со кој се воведени обврски за министерствата и другите органи на државната управа во поглед на распределба на средства во насока на поддршка на рамномерниот регионален развој. Со утврдениот сооднос 85:15 се фаворизираат планските региони кои се понаселени за сметка на планските региони кај кои се јавува намалување на населението во изминатиот период и каде што се потребни мерки за задржување на населението. Вака утврдениот начин доведува до ниско учество на овие региони во пресметаниот пондер односно до продолжување на политиката за помалку населените региони да се одвојуваат понизок обем на средства (пониски квоти) со што не е адекватно постапено во насока на почитување на одредбите од Законот за рамномерен регионален развој.

[6] Број 02-1256/7 17.05.2024

Наведените состојби како и недоволната активност од страна на АВРСМ во насока на информирање и зголемување на интересот кај граѓаните во оние региони каде повеќе години нема доволно интерес за учество во активните мерки доведува до фаворизирање на поедини плански региони и ЦВ и дополнително зголемување на регионалните разлики;

- мониторингот односно контролата на исплатените средства согласно на ОУ е во надлежност на АВРСМ. Со увид во овој акт, утврдивме дека во истиот не се детално разработени начинот, обемот и фреквентноста на контролите кои треба да се вршат. Како резултат на ова од увид во досиејата утврдивме различно постапување од страна на ЦВ во овој дел од работењето, при што разлики се јавуваат во делот на формата на записникот од извршената контрола, бројот на лица кои го потпишале записникот, архивирање на истите и сл. Онаму каде што има доказ дека контролите се извршени во најголем дел од записниците истите се формално извршени со општи и недетални формулации во поглед на извршените контроли, без да се даде подетален опис на опремата која е набавена со субвенционираните средства, додека контроли на терен се вршени исклучително ретко. Во записниците за извршени контроли на терен, најчесто недостасува доказ (фотографии онаму каде што е тоа можно) за констатираните состојби од страна на лицата кои ги изработиле записниците од извршените контроли. Ова укажува дека АВРСМ има воспоставено слаб систем на внатрешни контроли во поглед на наменското трошење на средствата кои на правни лица им се доделуваат во согласност со ОУ и ОП што создава висок ризик од непостапување на правните лица согласно утврденото во склучените договори за доделување на средства како и за вистинитоста и реалноста на тврдењата искажани во записниците од извршените административни /канцелариски контроли. Наведената состојба трае подолг временски период и истата е обелоденета во Конечните извештаи од извршена ревизија на АВРСМ во минати години;
- различно постапување од страна на ЦВ во делот на комплетирањето на досиејата со соодветна документација. Иако со актите на АВРСМ е утврдено кои документи треба да ги содржи досието за секоја АМ поединечно, кај поедини ЦВ утврдивме отсуство на дел од документите кои се бараат при аплицирањето што се должи на неажурност од страна на поедини ЦВ во врска со архивирањето и комплетирањето на документацијата во досиејата;
- во текот на 2024 година исплатен е износ во висина од 86.835 илјади денари за мерка **4.1 – Обука за стекнување на вештини од областа на напредни ИТ вештини,** идентичен износ како во 2023 година кој пак во однос на 2022 година бележеше зголемување на исплатениот износ за оваа намена за 47.361 илјада денари. Согласно на ОУ и ОП по овој основ во текот на 2024 година предвидена е обука на 735 невработени лица, поделени во 14 различни модуларни програмски пакети (модули), за што е склучен договор со два ЕО кои се задолжени да ја реализираат обуката. Изборот на лица се прави врз основа на воспоставени критериуми и оценување на кандидатите, а по завршување на обуката предвидено е кандидатите да полагаат испит. Во врска со оваа активност на АВРСМ извршивме увид во доставените извештаи од страна на ЕО кои ја спроведувале обуката. Притоа од вкупно 735 кандидати кои полагале

испит, истиот успешно го положиле вкупно 184 кандидати, односно 25,03%. Од дополнителни анализи утврдивме дека кај вкупно 5 модули за кои се склучени договори со 225 слушатели бројот на положени кандидати изнесува вкупно 18 кандидати или 8%. Наведената стапка на кандидати кои положиле е исклучително ниска и истата се повторува од година во година што упатува на заклучок дека дел од кандидатите несериозно се однесуваат кон обуката и недостасува соодветна мотивација за успешно реализација на испитите, што ја прави оваа мерка неефикасна, особено имајќи предвид дека за оваа активност АВРСМ троши значителен износ на средства.

Наведените недостатоци и грешки упатуваат на недоследна примена на ОУ и слабости во воспоставениот систем за законското и наменското трошење на доделените средства предвидени со Законот за извршување на Буџетот за 2024 година и можат да придонесат до појава на отстапувања во делот на потврдување на поставените цели на мерките, односно нееднаков пристап при оценување за поедини плански региони.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- воведување на кампања за запознавање на граѓаните со можностите за обезбедување на средства во оние плански региони каде што е забележан намален интерес за учество во Активните мерки за вработување;
- анализа на соодветноста на утврдената методологија во насока на подобрување на соодветната и правилната распределба на непотрошените средства имајќи ја во предвид потребата од обезбедување на рамномерен регионален развој и избегнување на фаворизирањето на поедини региони и градови;
- утврдување на детална методологија за контрола на доделените средства со вклучени мерки, обем и фреквенција на контролите како и начинот на вршење на теренски контроли;
- во континуитет да се извршуваат активностите поврзани со потребата ажурно и целосно комплетирање на досиејата за доделените средства на апликантите и обезбедување на воедначено постапување при комплетирањето на досиејата со доставување на список со потребна документација за секоја од Активните мерки за вработување поединечно;
- да се изврши анализа на ефикасноста на дел од модулите за ИТ обуки од аспект на постигнатите резултати на кандидатите и за оние модули каде што се прикажани незадоволителни резултати да се спроведат заострени мерки за избор на соодветни кандидати како и да се предвиди обврска за враќање на дел од средствата од кандидатите кои испитот на крајот од обуката не го полагале.

Практикантство

3.2.3. Во 2024 година склучени се вкупно 1.207 договори со правни лица за практична обука со што се вклучени вкупно 1.573 практиканти и исплатени се вкупно 41.987 илјади денари што претставува зголемување за 1,71% во однос на претходната 2023 година како и реализација од 83,30% во однос на предвидените финансиски средства со буџетот на АВРСМ од потсметката за активни програми и мерки.

Од извршениот увид во предметите за мерката Практикантство, базата за активни мерки за доделени средства по ОП за 2024 година и Законот за практикантство ги утврдивме следните состојби:

- во определени случаи комисијата одобрила ангажирање на апликанти надвор од одобрените максимални лимити на број на вработени/број на практиканти предвидени во член 7 став 1 и 2 од Законот за практикантство;
- со ОП за 2024 година не е извршено усогласување на старосната граница за учество во мерката практиканстство предвидена согласно член 3 став 1 алинеја 2 од Законот за практикантство, односно АВРСМ одобрува практична работа за лица до 29 годишна возраст иако согласно законот оваа граница е поставена на 34 годишна возраст;
- согласно приложените предлог списоци на одобрени/одбиени пријави од работодавачи од страна на Комисијата за селекција за мерката Практикантство предложени за одобрување се 1.573 кандидати, додека во текот на 2024 година извршена е исплата за 1.203 практиканти. Согласно Оперативниот план за 2024 година предвидено е ангажирање на 1300 лица – практиканти. За 370 одобрени апликации/практиканти во текот на 2024 година не е извршена ниту една исплата.
- во предметите недостасува потврда дека работодавецот постапил согласно член 11 став 1 алинеја 4 од Законот за практикантство односно потврда дека истиот извршил пријава во рок од еден и одјава во рок од осум дена по завршување на практикантската работа, односно по престанок/прекин на договорот за практикантска работа по кој било основ, во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија. Истата состојба може да влијае на остварување на правата на невработените лица по други основи во надлежните институции;
- АВРСМ има обврска да врши теренски посети со цел проверка на редовноста како и проверка на реализацијата на обврските преземени со склучените договори меѓутоа оваа обврска не ја реализира на задоволителен начин со оглед на тоа што од увидот во обезбедената документација утврдивме дека истото е направено во само 2 случаи;
- во 4 случаи кандидатот се пријавил во АВРСМ како невработено лице истиот ден кога поднел пријава/апликација за учество во оваа активна мерка, додека за останатите предмети се движи во период од 2 до 17 дена пред достава на пријавата;
- во документацијата кај 6 предмети недостасува потврда издадена од работодавачот за успешно завршена обука предвидена согласно Правилникот што упатува на неажурност во документирање на досиејата или непостапување од страна на договорните страни во насока на целосно почитување на договорните услови;

- Оперативниот план за 2024 година не е усогласен со член 11 став 1 алинеја 13 од Законот за практикантство. Имено во исплатениот износ за ангажиран практикант, покрај платениот придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест, не се пресметува и не се плаќа и дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување, што е обврска која е содржана во наведениот член од Законот за прктиканство;
- согласно оперативната програма лицата кои учествувале во програмата Практикантство во претходните години немаат право на учество, освен доколку имаат стекнато нов степен на образование или нова стручна компетенција (стекнато во формално или неформално образование). Во текот на 2024 година во 22 случаи се појавуваат исплати на лица на кои во некоја од претходните две години биле корисници на мерката практикантство при што во досиејата на овие лица не е документирано дали станува збор за лица кои имаа стекнато нов степен на образование или нова стручна компетенција;
- со Оперативниот план за 2024 година во целост е изоставен делот Реализација на мерката, во кој се предвидени критериуми за распределба на обезбедените средства за оваа намена по региони. На тој начин останува непознато дали критериумот за еднаква регионална застапеност кој има цел да придонесе кон рамномерен локален развој[7] со однапред определен опфат на корисници кој треба да се реализира по ЦВ сеуште е во функција. Ревизијата нагласува дека од вкупно одобрените 1.573 апликации во 2024 година, 39,4% се одобрени за ангажирање на 619 практиканти на подрачјето на ЦВ Тетово и дополнителни 179 апликации (11,4%) на подрачјето на ЦВ Скопје, додека остатокот од 49,2% отпаѓа на сите останати ЦВ во земјата. Истото укажува за несоодветна распределба на планираните средства за оваа намена по региони;
- АВРСМ во текот на 2024 година на име практикантство врши исплата на 11.000 денари бруто износ од кои 8.863 денари нето надоместок за практикатска работа, 1.152 илјади денари осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест и 985 денари данок на личен доход. Нагласуваме дека вака исплатениот нето надоместок е понизок од законски предвидениот минимум, кој е утврден со член 8 став 2 алинеја 1 од Законот за практикантство и истиот требало да изнесува 9.478 денари[8].

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности:

- при изготвување на ОУ за мерката практикантство да ги имаат во предвид одредбите од Законот за практикантство, посебно во делот кој се однесува на максималните лимити за ангажирање на апликанти, висината на исплатениот надоместок, старосната граница за стекнување на правото,

[7] во согласност со податоците од Бирото за регионален развој и степенот на развиеноста на планските региони во РСМ и поставување на квоти за секој центар за вработување

[8] Најмалку 42% од минимална нето плата за 2024 година која изнесува 22.567 денари, објавена 22.03.2024 година.

предвидување и почитување на условите за распределба на обезбедените средства и

- да обезбеди ажурно следење на договорните обврски при реализацијата на мерката за Практикантство.

3.2.4.АВРСМ во текот на 2024 година за трошоци за извршени адвокатски услуги, медијација, вештачење и судски такси за поведени постапки за наплата на побарувања за непочитување на условите предвидени во ОУ на АВРСМ и склучените договори со апликантите исплатени се средства во износ од 5.747 илјади денари односно истите се намалени за 12,54% во однос на претходната 2023 година. За спроведување на наведените активности, АВРСМ ангажира адвокати со кои склучува договори за адвокатски услуги. Со договорите предвидена е обврска адвокатот да го известува директор на АВРСМ за сите преземени дејства, како и за текот и исходот на секоја постапка и за секое дејствие преземено во име на АВРСМ за што треба да достави фактура во која секоја адвокатска услуга ќе биде наплатена согласно Адвокатската тарифа. Кон фактурата треба да се достави извештај, записник од судско рочиште или друга документација во врска со предметот на услугата како услов за плаќање на фактурата. Во текот на 2024 година од вкупно евидентираните расходи на име адвокатски услуги 77,46% се доделени на еден адвокат.

Со извршениот увид во склучените договори, фактурите и приложената поткрепувачка документација ги утврдивме следните состојби:

- отсуствува доказ за извршена контрола од овластени лица од АВРСМ со која ќе се потврди основаноста, реалноста и објективноста на направените трошоци по погоре наведениот основ, односно потврда дали фактурираните услуги се согласно адвокатската тарифа. Утврдивме дека дел од фактурите не содржат податок за ставката од адвокатската тарифа по која е извршено фактурирањето, за кои е извршена исплата по фактури[9], без постоење на соодветна поткрепувачка документација, (тужба, жалба, записник од судско рочиште или друга документација во врска со предметот на услугата) кои согласно склучените договори со адвокатите претставуваат услов за плаќање на фактурата. Исто така извршено е и фактурирање на поднесоци во кој има повеќе учесници, за чија изработка наградата се зголемува по 50% за секое наредно лице, иако во најголем дел од случаите станува збор за правно лице и неговиот управител односно за едно исто лице, што не е во согласност со член 8 точка 15 од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите;
- во текот на 2024 година на име изработка на вешти наоди и мислење од стручни вешти лица за потребите на АВРСМ исплатени се 881 илјади денари. Истите се изработени со цел утврдување на реалната состојба која произлегува од непочитување на одредбите од склучените договори, согласно кои е извршена исплата за реализација на АМ по ОП на АВРСМ за соодветната година. Ревизијата нагласува дека за овие реализирани расходи во текот на 2024 година не е спроведена постапка за ЈН преку која на транспарентен начин ќе се избере понудувач и во која ќе биде утврдена

[9] во износ од 151 илјади денари

цената за соодветна услуга. Истите се реализирани дел преку бирото за процена, а останатите како префактурирани износи од страна на ангажираните адвокати во соодветните постапки, при што евидентираните износи се без утврдени критериуми за избор на друштвата за вештачење и без утврдени критериуми при формирање на цената за изработените вешти наоди и мислења. Со Планот за ЈН за 2024 година Агенцијата има планирано, но нема реализирано соодветна постапка за ЈН. За дел од овие расходи во износ од 740 илјади денари нема прилог поткрепувачка документација односно изработените вешти наоди и мислења;

- АВРСМ не врши и намалување на тековно фактурирани трошоци по предмет (трошоци за неодржани рочишта, непризнаени патни трошоци) кои се одбиени од страна на судот како непризнаени трошоци. Со склучените договори истото не е регулирано и АВРСМ ги признава сите трошоци во судската постапка кои адвокатите тековно ги доставуваат. Во текот на 2024 година АВРСМ започнала постапка за оспорување на непризнаените трошоци во жалбена постапка, но во дел од истите трошоците на постапката се повисоки од трошоците кои се обжалуваат.
- извршени се и исплати на фактури кон адвокати за реализирани услуги за изработка на дописи - барања до институции како и барање за спроведување на постапка за медијација, извршување и вештачење кои претставуваат дејства кои АВРСМ преку одделението за нормативни и правно-административни работи би требало да ги извршува, но истото не е кадровски екипирано. Со извршениот увид во избраниот примерок овој тип на расходи учествуваат со 23,81% односно 909 илјади денари во евидентираните расходи на име адвокатски услуги при што фактурираните адвокатски услуги за изработка на барање за спроведување на медијација чинат повеќе од предметите за кои се спроведува постапката за медијација;
- АВРСМ нема воспоставена пракса на распределба на предмети за работа на адвокати кои согласно седиштето на адвокатската канцеларија гравитираат во месната надлежност на судот каде што е распределена тужбата, со што АВРСМ би ги избегнала расходите на име патни трошоци и надомест на трошоци за отсуство од канцеларија, а кои во висок обем се застапени во исплатените расходи за адвокатски услуги.

Наведените состојби не се во согласност со член 12 и член 17 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници согласно кој внесувањето на податоците во деловните книги мора да се заснова врз веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи и имаат влијание на неекономично користење на средствата од буџетот на АВРСМ.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- воспоставување на контроли за потврдување на направените услуги за адвокатски услуги;
- подобрување на економичноста и рационализација на евидентираните расходи за овој тип на услуги;
- спроведување на соодветна постапка при избор на друштва за вештачење и при формирање цена за изработените вешти наоди и мислења;

- да извршат соодветно систематизирање и кадровско екипирање на одделението за нормативни и правно-административни работи и распределба на предметите за адвокатски услуги според месната надлежност на судот.

Јавни набавки

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на АВРСМ за 2024 година со Законот за јавните набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.
Со ревизијата беа опфатени 15 постапки за ЈН кои имаат реализација во 2024 година, од кои пет постапки се спроведени во 2023 година и 10 постапки се спроведени во 2024 година, со проценетата вредност од 199.526 илјади денари. Вредноста на склучените договори за истите постапки е во износ од 176.250 илјади денари и истата опфаќа 89,70% од вкупната вредност на договорите кои имаат реализација во 2024 година, во вкупен износ од 196.486 илјади денари.

3.2.5.Во врска со спроведените постапки за ЈН и извршените детални тестирања ги утврдивме следниве состојби:

- во 2024 година спроведена е постапка за јавна набавка за посебни услуги обуки за напредни вештини од ИТ за која со два избрани економски оператори се склучени договори во вкупен износ во висина од 86.835 илјади денари. Оваа постапка е поделена на вкупно 14 посебни делови за кои понуда дале два ЕО. Со увид во доставените понуди утврдивме дека цените кои се понудени од двата ЕО се разликуваат за минимален износ[10]. Исто така од страна на договорниот орган со ТД за најголем дел од 14те дела предмет на ЈН побарано е ЕО да поседува авторизации за тренинг центри, авторизации за тестинг центар и 3-5 предавачи со авторизации иако не е дефинирано дали сите овие лица ќе бидат вклучени во обуките. За дел од овие авторизации барани во постапката (CertNexus ATP) со увид во официјалната веб страница на оваа фирма утврдивме дека само една фирма во нашата земја има обезбедено авторизација за тренинг центар што е барање кое е поставено со ТД кое е потребно ЕО да го исполнат доколку планираат да учествуваат во оваа постапка за јавна набавка. Овие состојби укажуваат дека со воспоставените услови во ТД извршено е исклучување на заинтересираните ЕО од учество во оваа постапка за ЈН и намалување на конкуренцијата што не е во согласност со член 3 став 1 од ЗЈН;
- поради недостатоци во процесот на планирање и спроведување на постапките за јавни набавки во текот на 2024 година АВРСМ не спровела постапка за јавни набавки во износ од 1.344 илјади денари надвор од законски предвидениот максимум согласно член 40 став 6 од ЗЈН како и извршила плаќање на услуги за изнајмување на рекламен простор во дневен весник во

[10] 100 до 600 денари.

износ од 1.809 илјади денари надвор од вредноста на склучените договори за јавна набавка, што не е во согласност со ЗЈН;

- во текот на 2024 година АВРСМ спровела постапка за набавка на телефонска централа и телефонска опрема[11] како замена на постоечките во износ од 2.338 илјади денари. Во текот на 2021 година АВРСМ спровела постапка со ист предмет на набавка со која биле набавени 26 телефонски централи и 260 ИП телефони во износ од 10.455 илјади денари, а со оваа набавка се заокружуваат потребите на АВРСМ за овој тип на услуга[12]. Предметната постапка претходно била 2 пати поништена првично бидејќи понудените цените биле понеповолни од реалните на пазарот а потоа поради недостатоци во доставената понуда. Во сите 3 случаи како единствен понудувач се појавува избраниот ЕО. Во услови на отсуство на анализа за процена на вредноста на предметот на набавка извршена од страна на АВРСМ, а по извршена анализа на пазарот ревизијата укажува дека прифатените цени за реализација на конкретната постапка се понеповолни и истите се повеќепати повисоки од реалните на пазарот. Ревизијата исто така нагласува дека прифатената понуда вредносно не отстапува во однос на понудата која во претходната постапка била одбиена како неприфатлива односно истата е само за 19 илјади денари односно 0.95% пониска од првично доставената. Во конкретниот случај во целост биле исполнети условите АВРСМ да постапи согласно член 114 став 1 алинеја 4 од ЗЈН и да ја поништи конкретната постапка.
  Наведената состојба не е во согласност со член 82 став 1 и член 4 и 5 од ЗЈН односно во услови на предимензионираност на тендерската документација и ограничена конкуренција не се создадени услови за економично, ефективно и ефикасност користење на јавните средства;
- во текот на 2024 година АВРСМ спровела постапка за набавка на канцелариски материјали во износ од 1.498 илјади денари распределени во 58 различни ставки во ТД. Во текот на евалуацијата на доставените понуди комисијата за ЈН оценила дека 2 од доставените 3 понуди се прифатливи. По спроведената е-аукција на која не било постигнато намалување на првично понудените цени комисијата за ЈН подобро рангираната вкупна понуда ја оценува како неприфатлива со образложение дека понудувачот има понудено многу повисоки цени од реалните на пазарот за ставката од техничката спецификација - Фотокопирна хартија бела, А4 формат, а со оглед на тоа дека АВРСМ има најмногу потреба од фотокопирна хартија, предметната набавка ја доделува на второ рангираниот понудувач. Ваквата одлука по жалба на прворангираниот ЕО е потврдена во корист на Агенцијата и од страна на Второстепената комисија за жалби по ЈН. Ревизијата укажува дека погоренаведената состојба не е во согласност на принципите на кои се заснова Законот за ЈН, особено во услови кога единствен критериум за избор е најниска цена, а со тендерската документација биле тендерирани 58 ставки без утврдени количини за секоја ставка поединечно. Дополнително со истражување на пазарот ревизијата констатира дека прифатените и

[11] Хибридна телефонска централа, хардверски SIP телефон и мрежен комутатор
[12] преку набавката на 5 нови централи и уште 40 ИП телефони се покриени централата и 30 подрачни одделенија со кои располага Агенцијата

фактурирани цени на 2 рангираниот понудувач од 437 денари за еден топ хартија, се исто така понеповолни односно двојно повисоки од реалните на пазарот, додека вредноста на истата стока со претходно важечкиот договор изнесувала 334 денари и истата е 23,57% пониска од тековната. Притоа со набавката на хартија реализирани се вкупно 97,02% од износот на склучениот договор. Ревизијата укажува дека во конкретниот случај биле исполнети условите за поништување на соодветната постапка согласно член 114 став 1 алинеја 2, поради недостатоци во тендерската документација, која мора да ги отсликува реалните потреби на договорниот орган, преку планирање на количини, на кој начин би се постигнале и најреални цени за ставките кои се предмет на набавка.

Утврдените недостатоци во планирањето при утврдувањето на реални предметни потреби и количини за истите, дефинирани во тендерските документации укажуваат дека АВРСМ не успеала да обезбеди реални и објективни цени во насока на економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства, што не е во согласност со член 4 и член 6 од ЗЈН.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување при спроведувањето на постапките за ЈН да ги преземат следните мерки и активности да:

- се почитуваат основните начела на економичност, конкурентност и транспарентност;
- да се почитуваат законски и договорно утврдените лимити при планирањето и спроведувањето на постапките за ЈН и
- да создадат услови со цел да се обезбедат реални пазарни цени и конкуренција при спроведување на постапките за јавни набавки.

## 4. Нагласување на прашања

4.1. Со член 15 и 17 од Законот за вработување на инвалидни лица се пропишани изворите на средствата од кои се финансира Посебниот фонд, нивната висина и временскиот период во кои истите треба да бидат обезбедени. Утврдивме дека во 2024 година секој месец на сметката - Посебен фонд за вработување на инвалидни лица се издвојувани по 10% од вкупно остварените средства од постојниот придонес за вработување или вкупно 395.295 илјади денари, согласно член 15 од наведениот закон. Не е почитувана обврската најдоцна до 15 во месецот за претходниот месец на сметката на Посебен фонд да се дозначуваат средства од Буџетот, по основ на ДДВ и царини уплатени од страна на заштитните друштва. Ваквиот начин на постапување не овозможува АВРСМ во целост да ги обезбеди финансиските средства кои законски и следуваат за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица.

Оваа состојба е констатирана со спроведената ревизија во минати години при што и покрај упатени дописи до надлежното министерство од страна на АВРСМ оваа состојба не е променета.

Во 2024 година за оваа намена вкупно се потрошени средства во износ од 148.123 илјади денари, односно значително помал износ од средствата кои се уплатени на сметката на АВРСМ за оваа намена.

4.2. АВРСМ, во постапка пред надлежните судови се јавува во својство на тужител или тужена странка во вкупно 180 судски предмети. По добиени судски пресуди се отпочнуваат извршни постапки, а во одредени случаи се пристапува и кон активирање на банкарски гаранции. Според податоците доставени од Секторот за правни и административни работи и Секторот за финансиски прашања, утврдивме дека предметите каде АВРСМ се јавува во својство на тужител во најголем дел се по основ на постапки против корисници на средства од програмата за АМ кои не ги исполниле обврските согласно потпишаните договори. Вкупната висина на сите тужби по сите основи изнесуват 56.288 илјади денари. Вредноста на судските предмети не е евидентирана во деловните книги на АВРСМ иако во текот на 2025 година од страна на одговорните лица во АВРСМ беа започнати активности во оваа насока. Потребно е одговорните лица во АВРСМ да преземат активности за ажурно и навремено евидентирање на побарувањата и обврските во моментот кога истите настанале вклучително и евидентирање на судските постапки кои сѐ уште не се завршени.

Сметаме за потребно да истакнеме дека за наведените судски постапки кои сѐ уште се водат пред надлежните судови и до денот на ревизијата конечниот исход не е познат, постои неизвесност во однос на финансиските импликации кои тие ќе ги предизвикаат врз работењето на АВРСМ во идниот период.

## 5. Останати прашања

### Паричен надоместок

5.1. Со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност се уредуваат прашањата за размена на трудот, правата и обврските на работодавачите, невработените лица, други лица кои бараат работа и државата во врска со вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност и други прашања од значење за вработувањето. Работниците кои се во работен однос, задолжително се осигурени во случај на невработеност. Законот, исто така ја уредува постапката и условите за остварување на паричен надоместок како право на осигурување во случај на невработеност, времето за кое се исплатува и условите поради кои на невработеното лице му престанува правото на ПН.

За остварување на правото на ПН преку анализа на законската регулатива го констатиравме следното:

- Согласно член 66 и 67 од Законот право на паричен надоместок во случај на невработеност има невработено лице за времето поминато во работен однос:
    - со полно и неполно работно време пресметано како полно;
    - работен однос на определено време (сезонска работа) подолго од 40 часа во неделата, ако тоа време му е пресметано во работен стаж и
    - за работа во странство, доколку истиот престанал поради определени причини.

Меѓутоа за остварување на ова право во законот не се наведуваат причините за престанок на работниот однос по кои едно невработено лице може да оствари право на паричен надоместок односно наведени се причините на престанок по кои истото не може да го оствари ова право. Притоа оставено е на АВРСМ да ги утврдува основите и ситуациите кои претставуваат основ за стекнување на правото на ПН.

Согласно оваа законска одредба АВРСМ врши исплата на овој паричен надоместок на лица на кои работниот однос им престанал по истек на времето за кое бил заснован (определено време), во случај на стечај и од деловни причини односно доколку лицето било прогласено за технолошки вишок.

Недореченоста на наведените услови за неостварување на правото на паричен надоместок по основ на осигурување во случај на невработеност доведува до различно постапување и фаворизирање на вработувањето на определено над неопределено време како полесен начин за остварување на наведеното право, иако согласно Законот за работните односи станува збор за иста категорија на работен однос од кои произлегуваат исти права и обврски.

На овој начин со законска поставеност на условите согласно кои се остварува правото на ПН во случај на невработеност, не се обезбедува заштита на лицето на кои работниот однос склучен на неопределено време им престанал на еден од законски предвидените начини за престанок, како еден транзиционен период до ново вработување. Притоа треба да се има во предвид и дека секое вработено лице и на определени и на неопределено време во текот на целиот работен стаж од бруто платата издвојува идентичен придонес за осигурување во случај на невработеност во висина 1,2% месечно кој се уплатува на сметката на АВРСМ, меѓутоа од овие законски недоречености произлегува дека овие две категории на вработени немаат подеднакви права за осигурување во случај на невработеност.

- условите под кои невработените лица не можат да остварат ПН кои се уредени во член 67 од ЗВОСН, а се однесуваат на основот на престанок на работниот однос не се целосно усогласени со одредбите од Законот за работни односи со кој е уредено откажување на договорот за вработување. Недореченостите и неусогласеноста со Законот за работните односи влијаело на поднесување и водење на жалбени и судски постапки со кои се соочува АВРСМ;
- во член 68 од ЗВОСН не е прецизно уреден начинот на пресметка на висината на ПН при работа со неполно работно време пресметано во полно работно време предвидено како право со член 66 алинеја 2, што придонесува за различен начин на постапување при пресметување на висината на паричниот надоместок на невработеното лице за работниот однос со скратено работно време;
- постојат недоречености во условите за престанок на правото на паричен надоместок на невработеното лице од членот 77 од ЗВОСН односно не е дефинирано дали престанокот на правото се применува само доколку невработеното лице е упатено на работно место со соодветна стручна подготовка или изјавил дека прифаќа вработување на понизок степен на стручна подготовка. Дополнително, не е дефинирано дека правото на исплата на ПН прекинува доколку лицето одбило да заснова работен однос со работодавач, само во случај доколку истиот работодавач е согласен дека упатеното лице ги исполнува неговите услови за вработување, ниту пак дека е регулирано прекинување на правото на ПН доколку лицето е работно ангажирано преку договор на дело;
- право на ПН има невработено лице за времето поминато во работен однос, за кое се уплатени придонеси од задолжително социјално осигурување согласно

член 66 од ЗВОСН. Со материјалниот закон не е прецизно уредено дали индивидуалните земјоделци и други категории на лица кои согласно член 12 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување не се наведени како обврзници за плаќање на придонес за задолжително осигурување во случај на невработеност (но се обврзници на придонесите за ПИО и ЗО), имаат право на ПН. Во пракса, согласно добри практики и воедначен пристап при одлучување за право на ПН, како и судски решенија од минатото, на оваа категорија на лица им се дозволува право на ПН, доколку ги исполнат пропишаните услови;

- со членот 82 од Законот се уредува правото на Агенцијата да бара враќање на средства исплатени на име осигурување во случај на невработеност во случај кога лицето не известило за промените кои влијаат на престанување на правото, но истиот не содржи одредби со кои ќе се доуредат правата на Агенцијата за барање на враќање на парични средства (пр. при враќање на работа на невработеното лице по судска одлука ретроактивно), како и утврдување на рокот за враќање на средствата во Буџетот, потсметка на Агенцијата.

Недореченостите во законската регулатива и непрецизираните услови под кои му престанува правото на ПН на невработеното лице го зголемуваат ризикот дел од одредбите да немаат практична или воедначена примена во пракса.

5.2.Согласно член 89 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, со АВРСМ управува УО, составен од девет члена, од редот на стручни лица со познавање или искуство во областа на вработувањето, од кои пет претставници именува Владата, а по два претставника се именуваат од организацијата на работодавачите и организацијата на репрезентативниот синдикат. Во рамките на правата и должностите кои произлегуваат од законската регулатива, УО на АВРСМ ја остварува својата работа во согласност со Статутот на АВРСМ и Деловникот за работа на Управниот одбор на АВРСМ, со кои подетално се уредени начинот на работата и одлучување како и правата и должностите на членовите на УО. Во член 36 од Деловникот е пропишано дека членовите на Управниот одбор имаат право на надомест за учество во работата на седницата на Управниот одбор, при што со Одлука[13] утврдена е висината на надоместокот на месечно ниво[14]. Ревизијата има обврска да истакне дека во делот на стручноста на именуваните членови на УО, Законот не предвидува профил и степен на образование кое треба да го имаат членовите на УО именувани од Владата, Сојузот на синдикати и Организацијата на работодавачи. Исто така не е направено поврзување на исплатата на надоместок на членови на УО со нивното учество во работата на седниците односно со законот не е предвидено задолжително присуство на седници поради што исплатата на надоместокот се врши без разлика на бројот на одржани седници и без разлика дали членот на УО присуствувал на

[13] Број 02-137/9 од 18.01.2023 година.
[14] По тој основ од сметката на АВРСМ во 2024 година исплатени се вкупно 1.150 илјади денари со вклучен данок на личен доход.

одржаните седници[15]. Горенаведената состојба укажува на потреба од пропишување на законски и подзаконски одредби со кои ќе се утврди начинот на определување на висината на надоместоците и условот за исплата на надоместоците на членовите на УО.

## 6. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2025 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.
Ревизијата е спроведена во периодот од 20.10.2025 до 7.4.2026 година, на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државен завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за 2023 година, при што е изразено неповолно мислење за вистинитото и објективното прикажување на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.
Исто така извршена е Проверка на спроведувањето на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2023 година, број 23-27/3 од 13.02.2025 година при што е утврдено дека од вкупно дадените осум препораки, три се делумно спроведени, кај две препораки постапувањето е во тек и три препораки не се спроведени.

## 7. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфатот на ревизијата.

## 8. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, застапувано од:

- м-р Беким Мурати, в.д директор од 28.12.2021 до 16.01.2024 година
- Ведат Османи, в.д. директор од 17.01.2024 до 16.07.2024 година и
- Сељатин Бељули в.д. директор од 17.07.2024

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските

[15] Во текот на 2024 година исплатени се парични средства во износ од 377 илјади денари (со вклучен данок на личен доход) за членовите на УО за месец април, јуни, август и октомври, иако во тие месеци УО нема одржано седници. Од одржаните 11 седници ниту една не е одржана во полн состав, 5 со присуство на 8 членови, 3 со присуство на 7 члена и 3 со присуство на 6 члена.

трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 9. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.
Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на АВРСМ, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.
Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.
Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

## 10. Недостатоци во внатрешната контрола

10.1. Со извршениот увид во доставената документација и извршените анализи во насока на осознавање дали внатрешната ревизија е формирана и функционира согласно законските прописи, утврдивме дека согласно актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, формиран е Сектор за внатрешна ревизија со еден раководител на сектор, двајца раководители на одделенија, еден виш соработник, еден советник и двајца помлади соработници. Заклучно со 31.12.2024 година, секторот функционира со раководител на одделение и едно лице како помлад соработник кое обавува други работни задолженија. Ваквата состојба не е во согласност со член 31 став 1 алинеја 3 од ЗЈВФК, според кој, согласно годишниот буџет со кој располага АВРСМ, организационата единица за внатрешна ревизија треба да биде екипирана со најмалку четири ревизори и еден раководител.
Со оглед на обемот на работа, хетерогениот карактер на трансакциите и големиот број на ЦВ, целосната кадровска екипираност на одделението ќе му обезбеди на раководното лице независно разумно објективно уверување и совет со цел подобрување на работењето и зголемување на ефективноста на системот за внатрешна контрола.

### Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат активности за екипирање и работење на Секторот за внатрешна ревизија согласно новиот Закон за системот за внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор[16].

## 11. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија одржан на ден 7.04.2026 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

[16] Службен весник на република Северна Македонија број 255 од 17.12.2024

Добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Агенција за вработување на Република Северна Македонија од страна на г. Аднан Ејуп директор на Агенција за вработување на Република Северна Македонија, број 13-1316/8 од 28.06.2026 година заведени во Државен завод за ревизија под број 22-656/7 од 28.06.2026 година. Забелешките се однесуваат на точките 3.2.2. алинеја 1, 2 и 4; 3.2.3.; 3.2.4. алинеја 1,2,3,4 и 5 и 3.2.5. алинеја1,2,3 и 4.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е дека:

- забелешките на точките 3.2.2 алинеја 1 и 4, точката 3.2.3., точката 3.2.4 алинеја 1, 2, 3, 4 и 5, точката 3.2.5 алинеја 1, 2, 3 и 4 не се прифаќаат од причини што не се доставени дополнителни докази кои ќе ја оспорат утврдената состојба, а даденото образложение ревизијата го имаше во предвид и
- забелешките на точката 3.2.2 алинеја 2 претставуваат известувања за преземените активности кои се во тек за надминување на утврдените состојби.

Забелешките и содржината на одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2024 ГОДИНА

во 000 Денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1 | 4.382.780 | 3.889.170 |
| Неданочни приходи | 3.2 | 19.248 | 19.929 |
| Капитални приходи | 3.3 | 1 | 3 |
| Трансфери и донации | 3.4 | 2.564.995 | 1.641.768 |
| **Вкупно приходи** | | **6.967.024** | **5.550.870** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1 | 255.052 | 234.991 |
| Стоки и услуги | 3.5.2 | 59.584 | 60.073 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.3 | 2.149 | 2.063 |
| Социјални бенефиции | 3.5.4 | 2.917.290 | 2.669.300 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **3.234.075** | **2.966.427** |
| **Капитални расходи** | 3.6 | **31.919** | **19.439** |
| **Вкупно расходи** | | **3.265.994** | **2.985.866** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **3.701.030** | **2.565.004** |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2024 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 3.701.028 | 2.564.995 |
| Побарувања | 4.1.2 | 368.430 | 338.225 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | 4.1.3 | 1.359 | 1.235 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4 | 162.460 | 170.107 |
| Залихи | 4.1.5 | 4.250 | 3.848 |
| **Вкупно тековни средства** | | **4.237.527** | **3.078.410** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | | |
| Капитални (материјални) средства | 4.2.1 | 517.794 | 484.976 |
| Природни богатства | 4.2.2 | 7.933 | 7.933 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.3 | 356 | 2.493 |
| Долгорочни пласмани | 4.2.4 | 152 | 152 |
| **Вкупно капитални средства** | | **526.235** | **495.554** |
| **Вкупна актива** | | **4.763.762** | **3.573.964** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1 | 5.693 | 5.544 |
| Краткорочни обврски по резерви | 4.3.2 | 134.984 | 143.063 |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.3.3 | 140 | 124 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4 | 21.642 | 21.376 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | 4.3.5 | 0 | 124 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.6 | 4.070.818 | 2.904.331 |
| Обврски по краткорочни кредити и заеми | 4.5 | 49 | 49 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **4.233.326** | **3.074.611** |
| **Извори на капитални средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4 | 530.436 | 499.353 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | | **530.436** | **499.353** |
| **Вкупна пасива** | | **4.763.762** | **3.573.964** |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2024 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал (извори на капиталните средства со кои располагаат и управуваат буџетите и фондовите) | Останат капитал (залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Состојба 01.01.2024 година | 495.505 | 3.848 | 499.353 |
| Зголемување по основ на: | 57.615 | 4.470 | 62.085 |
| Набавки | 57.566 | 4.470 | 62.036 |
| Обврски кон домашни лица | 49 | | 49 |
| Намалување по основ на: | 26.885 | 4.068 | 30.953 |
| Амортизација | 26.885 | 4.068 | 30.953 |
| Состојба 31.12.2024 година | 526.235 | 4.250 | 530.485 |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

**Агенција за вработување
на Република Северна Македонија
-Централна служба-**
Ул. Васил Ѓоргов бр.43, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија;
тел. ++389 (0) 2 3111-850
www.av.gov.mk

**Agjencia e punësimit
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
- Shërbimi Qendror-**
St. Vasil Gjorgov 43, 1000 Shkup,
Republikës së Maqedonisë së Veriut;
tel. ++389 (0) 2 3111-850
www.av.gov.mk

Наш знак 13-1316/ 8

Скопје, 28 -05- 2026

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: 28.05.2026
Орг. Един.: 22-656/7

До
Државен завод за ревизија
Палата Емануел Чучков ББ
1000 Скопје

Предмет: Забелешки по Нацрт извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија

*Врска: Ваш допис бр.22-656/3 од 24.04.2026 година*

*Почитувани,*

Во врска со Вашиот допис под горенаведениот број и датум (заведен под наш архивски број 13-1316/3 од 30.04.2026 година), со кој ни го доставувате Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија бр.22-656/1 од 24.04.2026 година, во утврдениот рок од 30 дена на приемот, ги доставуваме следниве забелешки:

<u>Делот за активни програми и мерки за вработување</u>

**<u>Во врска со точка 3.2.2.</u>**

- Во однос на на распределбата по региони напоменува дека Агенцијата за вработување при имплементацијата на програмите и мерките за вработување, го почитува принципот: **Поттикнување на рамномерен регионален развој, во согласност со податоците од Бирото за регионален развој и степенот на развиеноста на планските региони во Република Северна Македонија, притоа земајќи ги во предвид и бројот на евидентирани невработени лица во центри за вработување кои припаѓаат во регионот.** За истото има одлука од Управен одбор за распределба на квоти по региони.
- Во однос на мониторингот се работи на упатство за мониторинг, во кое ќе биде опишано: начинот, обемот и фрекфентноста на мониторингот.
- Во однос на активната мерка Обуки за напредни ИТ вештини во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2025 година беше воведана обврска ,,**Во случај лицето да не го положи испитот има право повторно да го полага на сопствен трошок. Доколку од денот во случај лицето да не го положи од првпат испитот и во рок од 3 месеци не пријави повторно полагање на сопствен трошок, има обврска да врати средства во износ од 10% од целокупниот износ на модулот во кој било вклучено лицето на обука".**
- Во однос на кампањата за запознавање на граѓаните, во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2026 предвидено е и промоција на Оперативниот план за што се одвоени и средства од буџетот.
- Во однос на практиканство: кај оваа мерка се пријавуваат работодавачаите и согласно нивните апликации и критериумите за учество во мерката се селектираат број на практиканство согласно опфатот. Во 2024

година има повеќе селектирано од причина што АВРСМ објави два огласи. На првиот беа селектирани практиканти согласно опфатот, но поради не вклучување на лица согласно опфатот ( дел од компаниите не склучија договор за учество) АВРМ објави уште еден оглас на кој беа селектирани дополнително бројка на практиканти со цел исполнување на опфатот. Истот така од селектирани од вториот оглас не склучија договори сите селектирани компании. **<u>Напоменуваме Активната мерка – Практиканство, не е исто како и Законот за практиканство.</u>** Целта на мерката е **стекнување практични работни знаења и вештини потребни за извршување работни задачи на одредени работни места.**

*<u>Во врска со точка 3.2.4.</u>*

-Во однос на наведената состојба за отсуство на доказ за извршена контрола од овластени лица во АВРСМ со која ќе се потврди основаноста, реалноста и објективноста на направените трошоци по однос на поведено постапки за наплата на побарување поради непочитување на обврски од склучени договори за учество во активни мерки, односно потврда дека фактурираните услуги се согласно адвокатската тарифа, укажуваме дека согласно склучените договори за адвокатски услуги со адвокатите кои се ангажирани, предвидена е обврска адвокатот кон фактурата за секое преземено дејствие да достави соодветен доказ (пр.: за одржано рочиште се доставува записник, за изготвен поднесок-тужба, жалба, одговор и сл. се доставува копија од изготвениот поднесок или друга документација во врска со преземеното дејствие). Без приложување на соодветен доказ кон фактурата, согласно погоренаведеното, надлежниот Сектор за финансиски прашања не врши исплата на истата. Уште повеќе што во фактурите има детално објаснување/разложување како е пресметан вкупниот износ на трошокот на начин што е дадена основицата според вредноста, а доколку има зголемување наведена е основицата и % за кој се зголемува основицата во зависност од видот на дејствието (поднесок, рочиште и сл).

-Во однос на наведената состојба за извршено фактурирање на поднесоци во кој има повеќе учесници за чија изработка наградата се зголемува за 50% за секое наредно лице и дека истото не е согласно адвокатскиот тарифник напоменуваме дека кај дел од предметите поврзани со непочитување на договори за учество во активна мерка како тужена страна може да се јават повеќе лица/субјекти. Исто зависи од тоа кој е договорна страна и учесник во активната мерка. Така кај активната програма Самовработување договорни страни се физичкото лице-апликант за програмата и правното лице (основано со програмата Самовработување). Истото поради поголема заштита и можност за наплата на долгот во случај на непочитување на обврските. Така во предметите каде е констатирано непочитување на ваков договор се поднесува тужба против физичкото и правното лице, кои се потписници и договорни страни на договорот, односно се тужени страни. Дополнително, кај Договорите од Програмата Самовработување каде се подржани 2 (две) лица за основање на еден бизнис, во случај на непочитување на договорот постапката/тужбата се поведува против 2-те физички лица и против правното лице (3 тужени страни, односно првотужен, второтужен и третотужен). Ваквото постапување (поднесување тужба против физичко и правно лице) е во насока на поголема заштита на Агенцијата и поголема можност за наплата на долгот, а воедно и во насока на превенирање на потреба од водење на нова/посебна постапка по тужба во случај ако згасне правниот субјект (ако е тужбата само против правен субјкет) или настанат околности кои оневозможуваат наплата од физичко лице (ако е тужбата само против физичко лице). Согласно ова, согласно член 8 точка 15 од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите „ Во поднесокот во кој има повеќе учесници, наградата се зголемува по 50% за секое наредно лице, <u>а за секое наредно лице од спротивната страна по 25%,</u> но не повеќе од пет пати од предвидената награда од член 8 од Тарифата." Така, зголемување од 50% (два пати по 25%) може да има само кај предмети каде има

второтужен и третотужен (примерот кај Програмата Самовработување, каде има основање на правен субјект од 2 физички лица, каде првотужен е правното лице, а второтужен и третотужен се двете физички лица). Напоменуваме, ваквите постапки поведени против физичко и правно лице се потврдени со Пресуди во кои се прифатени предјавените трошоци согласно горенаведеното објаснување за зголемувања за второтужен и и третотужен тужен (досудени во корист на АВРМ, а на товар на тужените).

-Во однос на наведената состојба за исплатени средства за вешти наоди и мислења известуваме дека во постапките каде постапката за медијација е задолжителна, доколку истата не биде спроведена како дејствие пред поднесување на тужбата, тужбата ќе биде отфрлена, а вештачењето согласно закон се доставува заедно со тужбата, што значи дека истото е задолжително да се превземе како дејствие пред поднесување на тужбата. Напоменуваме износот за изготвениот вешт наод и мислење во целост се признаваат од страна на судовите и се досудени како признаени трошоци во корист на АВРСМ, а на товар на тужените и истите се предмет на наплата во постапка за извршување по правосилност и извршност на пресудите.
**Вештачењата се приложуваат кон фактурите во кои е наведен износот на истите.** (*во прилог- вештачења кој се изготвени и користени во судски постапки каде тужител се јавува Агенција за вработување на РСМ)*

-Во однос на наведената состојба за непризнаени трошоци како и во однос на постапки за оспорување на непризнаените трошоци во жалбена постапка и дека во дел од истите трошоците на постапката се повисоки од трошоците кои се обжалуваат напоменуваме дека во постапките по тужба на Агенцијата, неодржување или одложување на закажано рочиште може да настане поради вина на тужената страна како учесник во постапката. Напоменуваме, речиси сите предмети по тужба на Агенцијата (во врска со непочитување на Договорите за учество во активни мерки) се завршени со Пресуда во корист на Агенцијата, од кои предмети има голем број на Пресуди поради неподнесување на одговор на тужба. Така, предметите каде имало евентуално одложување односно неодржување на дејствие поради вина на учесниците во постапката-тужениот може да се јави во мал број на предмети, каде вината за неодржување на дејствието било поради тужениот како учесник во постапката, а не од страна на Агенцијата како тужител. Укажуваме дека во самите склучени Договори постои одредба за непризнавање на трошоци, односно тоа е член 2 став 1 алинеја 6 која гласи „Трошоците настанати во постапките, кои Судот нема да ги признае поради вина или пропуштени дејствија на адвокатот (неблаговремено, несоодветно, некомплетно доставени докази и поднесоци или било кој друг случај кога Судот не го признава трошокот поради вина или пропуштено дејствие на адвокатот) должен е да ги надомести самиот адвокат." Исто така, напоменуваме дека АВРСМ врши плаќање -по извршена адвокатска услуга (а не исплаќа паушал или по предмет) со приложување на доказ за извршената поедница услуга. Во однос на поведените постапки по жалба, истите се поведени во насока на преземање на сите потребни дејствија за заштита на правата и интересите на АВРСМ и преземање на сите правни лекови согласно закон. Истото во рамки на поведената постапка за наплата на побарување, и во овие постапки АВРСМ ги платила единствено трошоците за такса за жалба.

-Во однос на наведената состојба за трошоците за извршените услуги-барања до институции, медијација, вештачење известуваме (даваме забелешки) дека сите овие активности и дејствија се однесуваат и се во рамки на иницираните постапки за поведување на постапка за наплата на побарување произлезено од непочитување на склучени договори за учество во активни мерки за вработување односно доделени средства од АВРСМ-во рамки на иницирана судска постапка (по издадено полномошно од АВРМ до адвокат за поведување и водење на оваа постапка и преземање на сите потребни дејствија).

Укажуваме дека со ополномоштувањето на адвокат за постапување по одреден предмет за започнување на судска постапка адвокатот се ополномоштува да ги преземе сите дејствија за започнување и водење на постапката се́ до правосилно завршување на таа постапка. Зависно од предметот, тоа претпоставува да ги превземе и потребните процесни дејствија за започнување на постапка за медијација (каде истото е предуслов за водење на судската постапка) и вештачење па истото опфаќа и дејствие - обраќање и барање до овластен медијатор односно субјектот-надлежен за вештање. Напоменуваме дека сите овие трошоци (дури и најмало процесно дејствие / рутинско дејствие, а кое е задолжително за одредени судски постапки и е во рамки на поведедената судкса постапка) на крај паѓаат на товар на страната која го губи спорот, а медијацијата и вештачењата скоро во сите случаи се задолжителни во споровите каде АВРСМ се јавува како тужител (најчесво предмети од активни мерки каде АВРСМ се јавува како тужител), при што евидентно е дека најголем дел од ваквите предмети (речиси сите предмети) завршуваат во корист на АВРСМ. Во постапките каде постапката за медијација е задолжителна, доколку истата не биде спроведена како дејствие пред поднесување на тужбата, тужбата ќе биде отфрлена, а вештачењето согласно закон се доставува заедно со тужбата, што значи дека истото е задолжително да се превземе како дејствие пред поднесување на тужбата. Во однос на висината на трошоците за дејствијата превземени во постапката за медијација, истите се утврдени согласно Тарифникот за медијатори а трошоците за дејствијата превземени од адвокат се утврдени со Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите. Воедно, напоменуваме дека сите трошоци за дејствијата во постапката паѓаат на товар на должникот, а кај постапките за медијација каде е постигната спогодба за начинот на плаќање на долгот овие трошоци се вклучени во вкупниот долг утврден со спогодбата и се предмет на плаќање од страна на должникот кон Агенцијата за вработување.

-Во однос пак на наодот кој се однесува на месната надлежност на Судот во однос на предметите за кои се ополномоштени адвокатите, укажуваме дека најголемиот број на судски предмети се во врска со ативните мерки за вработување за кои согласно склучените Договори за учество во активни мерки месно надлежен е Основниот Граѓански Суд во Скопје, додека значително помал број на предмети се оние во кои АВРСМ се јавува како тужена страна (најчесто работните спорови) и кај кои месната надлежност на судот е според живеалиштето на судот. Воедно, Агенцијата ги користи услугите од адвокати со кои има склучени договори за адвокатски услуги, кои го познаваат работењето на Агенцијата и имаа искуство во водење на предметите поврзани со проблематиката која ја покрива Агенцијата.

Во врска со горенаведените забелешки, однсосно наведените наоди и препораки, да се има во предвид организациската поставеност и бројот на предвидени извршители во Сектор за правни и административни работи наспроти видот и обемот на надлежностите и работните задачи. Непополнети се и работните места Раководител на Сектор и Помошник Раководител на Сектор. Во секторот воопшто нема систематизирано ниту едно посебно работно место за правник со правосуден испит (иако е неопходно на судските предмети да работат поголем број на изршители кои би работеле единствено на предметите на застапување).

Потребно е да се разгледаат можностите и за посебна организациона единица или посебни извршители во рамки на Секторот во делот на извршување на работни задачи поврзани со постапување по предметите за наплата на побарување произлезено од непочитување на Оперативниот план за активни програми и

мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот , Оперативните упатсва за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот и склучените договори за учество во активните програми и мерки за вработување односно каде се доделени средства до страна на АВРМ (судски предмети). Истото, со оглед на зголемениот број на предмети по овој основ во текот на последните години, обемот на ваков тип на предмети, а од друга страна потребниот број на извршители кои би постапувале во овој дел, наспроти работните обврски и задачи поврзани со норматните и правно-административните работи поврзани со тековното работење на АВРМ.

Во услови на ваква утврдена неекипираност со потребен број на извршители компетентни за застапување (како на ниво на Сектор така и на ниво на Центрите за вработување), а од друга страна имајќи го во предвид обемот, бројот, комплексноста и значењето на судските предмети и физички е невозможно застапувањето да се реализира поинаку.

Повторно напоменуваме дека е евидентно дека судските предмети каде АВРСМ е тужител (предмети од активни мерки) скоро сите <u>се завршени во корист на АВРСМ, а судските трошоци се досудени на странките (тужените) кои го изгубиле спорот. Сепак најпосле и направените судски трошоци паѓаат на товар на странките (тужените) кои го изгубиле спорот и истите се должни трошоците да ги надоместат на Агенцијата.</u>

Освен тоа, Судот има исклучиво право да одлучи кои од направените судски трошоци ќе бидат признаени (а по однос на ова прашање нема воедначена судкса пракса), а притоа истото не зависи воопшто од АВРСМ (независно од тоа кој го застапува предметот).

Исто така, треба да се има во предвид и фактот дека и во услови на ваква недоволна екипираност, определен број на предмети се завршени и со склучување на вонсудска спогодба преку Секторот за правни и административни работи и Центрите за вработување, со што се избегнати и рационализирани значителни трошоци за водење на судски спорови, а од друга страна скратени се постапките со цел во покус рок и со помали трошоци добивање на извршна исправа во корист на АВРСМ (превенирање и намалување на бројот на судски предмети).

<u>Делот за јавни набавки</u>

Во врска со точка 3.2.5

Во врска сроведена постапка за јавна набавка на посебни услуги за обуки за напредни ИТ вештини, сакаме да укажеме дека постапката се спроведува како дел од активна мерка при избор на спроведувач за одржување на обуките предвидени во Оперативниот план за активни мерки и политики за 2024 година. Оператинивот план е документ кој го донесува Владата на РСМ и носител е Минстерство за економија, а Агенцијата за вработување се јавува само како спроведувач на мерките. Во мерката за обука за напредни ИТ вештини е точно наведено дека се бараат лиценцирани спроведувачи, кои треба да бидат лиценцирани за одржување на официјални обуки, лиценцирани тестинг центри за полагање на официјални испити и лиценцирани за издавање на официјални акредитирани сертификати на невработените лица кои ќе го положат испитот за конкретниор програмски пакет. Поради таа причина што постојат различни модуларни програмски пакети и секој економски оператор може да се лиценцира, односно да биде официјален центар за обуки на одреден вендор, Договорниот орган ја спроведува постапката како деллива постапка

за јавна набавка и дава можност да се јави секој економски оператор кој е лиценциран од одреден вендор за спроведување на обуките. При евалуација на понудите се евалуираат сите авторизации на економските оператори и секако спроведувачите кои ќе учествуваат во спроведување на обуките, со оглед на тоа што истите се бараат како експерти со соодветно искуство и сертификати за одредена област во делот на техничка и професионална способност. Исто така, сакаме да укажеме дека самите вендори ги вршат сите контроли и поставуваат услови и критериуми при лиценцирање на економските оператори за спроведување на нивните обуки кои се заштитени и авторизирани од нивна страна, а со тоа ги спречуваат центрите кои не се лиценцирани и авторизирани да ги одржуваат обуките. РСМ е мала територија и голема е веројатноста дека само еден, двајца или тројца лиценцирани спроведувачи се официјални партнери и спроведувачи на овие официјални акредитирани обуки, но сепак постапката за јавна набавка е спроведена согласно Законот за јавни набавки и согласно насоките од Оперативниот план за активни мерки и политики за 2024 година.

Во врска со постапката за услуги за изнајмување на рекламен простор во дневни весници, напоменуваме дека во време на фактурирање на огласите кои го надминуваат износот на предвидени средства и вредноста на договорот – Договорниот орган имал активен договор и цените кои се фактурирани се согласно цените наведени во договорот за јавна набавка. Согласно новите насоки и можности на системот за јавни набавки ЕСЈН, во 2025 година е задолжително внесување на лице за следење на реализација на договорот за јавна набавка и со оваа можност се зголемува контролата и одговорноста на лицата кои треба да ги следат договорите. Контролата и исплатата на фактурите е одговорност на Одделението за буџетска контрола при Секторот за финансики прашања, а изработката на нарачките за објавување на огласи во конректниот случај е Секторот за човечки ресурси. Објавувањето на огласите е настанато согласно потребите за објавување на огласи за вработување на лица во АВРСМ и тоа поголем број на лица, за што се направени одеднаш повеќе огласи и објавени во трите весници (обврска согласно Закон) и со тоа се јавува не можноста да се исконтролира настанатата ситуација, особено што е настанатa на почеток на фискална година кога се донесува планот за јавни набавки и се отпочнува со објавување на огласи за јавна набавка, а потребата од објавување во дневни весници е ограничена со време и други Закони.

Набавката на телефонски централи за потребите на АВРСМ во 2024 година е набавка со која се доопремуваат Центрите за вработување кои не биле опфатени со набавката во 2021 година, каде се набавени дитиални телефонски централи и апарати за 26 центри за вработување. Постапката во 2024 година беше спроведена неколку пати, со оглед на тоа дека беше неуспешна два пати, а третиот пат беше склучен Договор за јавна набавка. Во првото спроведување, при евалуација на единствената понуда беше утврдено дека е со повисока цена од реалните цени на пазарот со оглед на тоа што беше направена споредба и со постигнатите цени од 2021 година и Комисјата за јавни набваки даде предлог за поништување на постапката. Во повторената постапка за набавка на телефонски централи, понудувачот даде понуда слична на претходната, со намалување во цената на централите но, понудата беше формално правно неприфатлива, односно истата не беше потпишана со дигитален сертификат од страна на овластеното лице и истата беше одбиена. Третата постапка која се спроведе за набавка на телефонски централи, беше со понудена цена идентична како понудата во претходната постапка, но без формални недостатоци. Со оглед на тоа што не се појави друг економски оператор, а цената на опремата се докажа дека е зголемена со самото зголемување на цените на целата информатичка опрема, како и транспортните цени, Договорниот орган ја прифати понудата и склучи Договор за јавна набавка и денес се

**Агенција за вработување**
**на Република Северна Македонија**
**-Централна служба-**
Ул. Васил Ѓоргов бр.43, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија;
тел. ++389 (0) 2 3111-850
www.av.gov.mk

**Agjencia e punësimit**
**e Republikës së Maqedonisë së Veriut**
**- Shërbimi Qendror-**
St. Vasil Gjorgov 43, 1000 Shkup,
Republikës së Maqedonisë së Veriut;
tel. ++389 (0) 2 3111-850
www.av.gov.mk

модернизирани сите Центри за вработување со дигитални телефонски централи и телефони. Истражувањето на пазарот се водеше главно од набавката на слична информатичка опрема на други договорни органи од базата на податоци на ЕСЈН.

Во врска со постапката за јавна набавка на канцелариски материјали, Договорниот орган постапи согласно насоките на Државната комисија за жалби по јавни набавки и склучи договор со второ рангираниот понудувач, кој имаше доставено прифатива понуда и истиот имаше понудено пониска цена на Хартијата А4 формат од прворангиранит понудувач кој се жалеше во постапката. Сакаме да укажеме на тоа дека Договорниот орган набавува хартија и канцелариски материјали за сите Центри за вработување и по потреба нарачува ставки од Договорот, кои се испорачуваат низ цела територија на РСМ и во цената е вклучена достава и испорака на материјалите, по потреба.

*Прилози(во копија):*

*Вештачења кој се изготвени и користени во судски постапки каде тужител се јавува Агенција за вработување на РСМ)*

- *Прилози кон Фактура бр.15-05/2024(29 вештачења)*
- *Прилози кон фактура бр.12-11/2024(3 вештачења)*
- *Прилози кон фактура бр.18-02/2024(39 вештачења)*

*Ви благодариме на соработката.*

Со почит,

Изработил/ Përpiloi: Ирена Тешиќ

Директор/Drejtor
Adnan Ejup

Прилог број 3

Одговор
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Агенција за вработување на Република Северна Македонија од страна на г. Аднан Ејуп директор на Агенција за вработување на Република Северна Македонија, број 13-1316/8 од 28.05.2026 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 22-656/7 од 28.05.2026 година.
Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на **точката 3.2.2** која се однесува на слабости при исплатата на средствата за активните програми и мерки за вработување и тоа:
   - **алинеја 1** која се однесува на извршено непочитување на принципот на нерамномерен регионален развој **не се прифаќа** од причини што и покрај утврдената одлука на УО за распределба на квоти по региони која ревизијата ја имаше во предвид, утврдено е фаворизирање на поедини плански региони за сметка на други што соодветно е истакнато во извештајот. За делот кој се однесува на кампањата за запознавање на граѓаните се известува за преземените активности кои се во тек за надминување на утврдената состојба;
   - **алинеја 2** која се однесува на невоспоставениот систем на внатрешни контроли и мониторинг на потрошените средства за активните програми и мерки за вработување претставува **известување** за активностите кои се преземаат и се во тек во насока за надминување на утврдените состојби;
   - **алинеја 4** која се однесува за нискиот процент на лица кои успешно ги завршуваат обуките за напредни ИТ вештини **не се прифаќа** од причини што искажаното во забелешката не се однесува за годината која беше предмет на ревизија.
2. Забелешката на **точката 3.2.3** која се однесува на констатираните состојби за активната мерка Практикантство **не се прифаќа.** Дадените образложенија со забелешките ревизијата ги имаше во предвид во текот на извршување на ревизијата.
3. Забелешките на утврдените состојби во **точката 3.2.4.** кои се однесуваат на утврдените слабости на начинот на исплата на трошоци за адвокатски услуги кои ги користи АВРСМ и тоа:
   - **алинеја 1** која се однесува на отсуство на докази за извршени контроли во врска со основаноста и реалноста на направените расходи, при што дел од платени фактури не содржат податок за ставката од адвокатската тарифа за која е извршена исплатата како и непостоење на поткрепувачка

документација **не се прифаќа** поради тоа што искажаното во забелешката и доставената документација како доказ ревизијата ги имаше во предвид и истите не ги менуваат утврдените состојби искажани во наодот од оваа точка. Во однос на делот со зголемување на адвокатската награда за секое наредно лице за 50% исто така **не се прифаќа** од причини што не се доставени дополнителни докази за оспорување на утврдена состојба, а да деното образложение ревизијата го имаше во предвид во текот на ревизијата;

- **алинеја 2** која се однесува на тоа што АВРСМ нема спроведено постапка за ЈН за избор на друштво за вештачење **не се прифаќа** од причина што не се доставени докази за оспорување на утврдената состојба, а даденото образложение не е во контекст на утврдената состојба;
- **алинеја 3** која се однесува на неизвршено намалување на фактурирани трошоци одбиени од судот **не се прифаќа** од причини што даденото објаснување ревизијата го имаше во предвид во текот на ревизијата. Исплатата на адвокатските трошоци се врши по секое одржано рочиште додека судот врши признавање на расходите на крајот од рочиштата кога ќе се донесе судска одлука. По добивањето на судската одлука АВРСМ не врши контрола и поврат на веќе исплатените адвокатски трошоци кои не биле признати од страна на судот со судската одлука. Наведениот член од договорот не се однесува на искажаната состојба во наодот;
- **алинеја 4** која се однесува на изработка на дописи до институции, барања за спроведување на постапка за медијација, извршување и вештачење кои претставуваат дејства кои АВРСМ преку одделението за нормативни и правно-административни работи би требало да ги врши **не се прифаќа** од причини што не се доставенени дополнителни докази, а доставеното образложение ревизијата го имаше во предвид во текот на ревизијата. Истакнуваме дека е потребно да се преземат мерки наведените активности АВРСМ да ги врши самостојно во насока на намалување на расходите и
- **алинеја 5** која се однесува на распределбата на предмети за работа на адвокати кои согласно седиштето на адвокатската канцеларија гравитираат во месната надлежност на судот каде што е распределена тужбата **не се прифаќа**, од причини што даденото образложение во забелешката ревизијата го имаше во предвид при вршењето на ревизијата. Истакнуваме дека не постојат пречки за ангажирање на адвокати од подрачјето на месната надлежност на Судот што би придонело за избегнување на непотребни трошоци во работењето на институцијата.

Дополнително на ова објаснувањата кои се дадени од страна на одговорното лице на АВРСМ кои се однесуваат на неекипираноста на Секторот за правни и административни работи со вработени лица кое со забелешките е наведено како една од клучните причини за наведените проблеми. Имаме обврска да истакнеме дека за оваа состојба континуирано се известува од страна на Државниот завод за

ревизија во извештаите од извршените ревизии на АВРСМ во оваа и минатите години. Имено АВРСМ во изминатиот период нема преземено доволно мерки и активности во насока на подобрување на оваа состојба која се повторува и истата служи единствено како оправдување за констатираните состојби кои траат подолг временски период.

4. Забелешките на утврдените состојби **во точката 3.2.5** кои се однесуваат на утврдените слабости при спроведувањето на постапките за јавни набавки и тоа:

   - **алинеја 1** која се однесува на утврдените слабости кај постапката за јавна набавка на обуки за напредни ИТ вештини **не се прифаќа** од причини што даденото образложение во забелешката не е во насока на искажаната состојба во наодот. Во утврдената состојба од страна на ревизијата од оваа точка е укажано дека дел од бараните авторизации во нашата земја ги поседува само едно правно лице, кое во овој случај е фаворизирано при спроведувањето на оваа јавна набавка;
   - **алинеја 2** која се однесува на недостатоци во процесот на планирање на постапките за ЈН поради што е констатирано плаќање во износ повисок од вредноста на склучениот договор **не се прифаќа** од причини што со искажаното во забелешката не се презентирани нови докази кои би придонеле за менување на утврдената состојба, а даденото образложение ревизијата го имаше во предвид во текот на ревизијата;
   - **алинеја 3** која се однесува на набавка на телефонска централа и телефонска опрема по цени кои се повисоки од малопродажните **не се прифаќа** од причини што даденото образложение ревизијата го имаше во предвид во текот на ревизијата и
   - **алинеја 4** која се однесува на набавка на канцелариски материјали по цени кои се повисоки од малопродажните **не се прифаќа** од причини што не се доставени дополнителни докази за утврдената состојба, а даденото образложение ревизијата го имаше во предвид во текот на ревизијата.